РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ
АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ
02 Бр. 2/137 од 30.9.2025 год.

Врз основа на член 4 од Одлуката за плаќање половина од износот на уписнината за прв циклус студии за студентите чие родителско право го врши само еден родител и критериумите за остварување на ова право за учебната 2024/2025 година (бр. 02-1092/11 од 16.9.2025 г.), и член 62 од Статутот на Архитектонскиот факултет – Скопје (Универзитетски гласник бр.473/ 2019 година), Наставно-научниот совет на 16.седница одржана на 30.9.2025 година донесе

# О Д Л У К А
## за формирање комисија

Член 1

Се формира Комисија за спроведување на постапката за селекција на кандидати за плаќање половина од износот на уписнината за прв циклус студии за студентите чие родителско право го врши само еден родител за учебната 2025/2026 година, во следниот состав:

1. Проф. д-р Ана Ивановска Дескова
2. Проф. д-р Јован Ивановски
3. Проф. д-р Дивна Пенчиќ

Член 2

Комисијата, селекцијата да ја изврши согласно Правилникот за запишување во квота на студентите чие родителско право го врши само еден родител (Сл. Весник на РМ бр. 56/2017).

Член 3

Комисијата креира листа за секоја студиска програма и за секоја студиска година поодделно. Прво рангираните кандидати од секоја листа ја сочинуваат ранг листата на добитници на погодноста за намалување на уписнината на Факултетот.

Член 4

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

Д е к а н,

Проф. д-р Анета Христова Поповска

Доставено до:
- Архивата
- Комисија
- Човечки ресурси